# Наставен план за прво одделение - нова програма

Предлог-верзија

Април, 2018

# СОДРЖИНА

Цели на наставата во прво одделение ........ 4
Поединечни цели, предлог-активности и стратегии/техники на учење и поучување и резултати од учењето ........ 5
ОПИС НА НАСТАВНИТЕ ПРЕДМЕТИ ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ........ 6
Мајчин јазик (македонски/албански/турски/српски јазик) ........ 6
Англиски јазик ........ 9
Математика ........ 11
Светот околу нас ........ 12
Уметност ........ 13
Физичко и здравствено образование ........ 15
Интеркултурната димензија во новите наставни програми ........ 16
НАСТАВНИ ПРОГРАМИ ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ........ 18
МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ........ 18
Општи цели на наставата по македонски јазик за прво одделение ........ 18
Програмско подрачје: КОМУНИКАЦИЈА И ЈАЗИК (КЈ) ........ 19
Програмско подрачје: ЛИТЕРАТУРА (Л) ........ 22
Програмско подрачје:  МЕДИУМСКА КУЛТУРА (МК) ........ 23
Програмско подрачје: ПОДГОТОВКА ЗА ПОЧЕТНО ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ (ПЧП) ........ 24
GJUHË SHQIPE ........ 27
Qëllimet e përgjithshme të mësimit të lëndës gjuhë shqipe për klasën e I: ........ 27
Fusha programore: KOMUNIKIM DHE GJUHË (KGJ) ........ 28
Fusha programore: LETËRSI (L) ........ 31
Fusha programore: PËRGATITJA PËR LEXIM -SHKRIMIN FILLESTAR (LSHF) ........ 34

TÜRKÇE DERSİ ..... 37
BİRİNCİ SINIF TÜRKÇE DERSİ GENEL AMAÇLARI ..... 37
Öğrenme Alanı: İLETİŞİM VE DİL (İD) ..... 38
Öğrenme Alanı: EDEBİYAT (E) ..... 40
Öğrenme Alanı: MEDYA KÜLTÜRÜ (MK) ..... 42
Öğrenme Alanı: OKUMA VE YAZMAYA HAZIRLIK (OYH) ..... 43
СРПСКИ ЈЕЗИК ..... Error! Bookmark not defined.
Општи циљеви наставе српског језика за I разред: ..... Error! Bookmark not defined.
Програмско подручје: КОМУНИКАЦИЈА И ЈЕЗИК (КЈ) ..... Error! Bookmark not defined.
Програмско подручје: ЛИТЕРАТУРА (Л) ..... Error! Bookmark not defined.
Програмско подручје:  МЕДИЈСКА КУЛТУРА (МК) ..... Error! Bookmark not defined.
Програмско подручје: ПРИПРЕМА ЗА ПОЧЕТНО ЧИТАЊЕ И ПИСАЊЕ (ПЧП) ..... Error! Bookmark not defined.
АНГЛИСКИ ЈАЗИК ..... 55
Цели на наставата за прво одделение ..... 55
Програмско подрачје: ЛЕКСИЧКИ ЕДИНИЦИ (ЛЕ) ..... 56
Програмско подрачје: ПРАВИЛНО РАЗБИРАЊЕ И УПОТРЕБА НА ЈАЗИКОТ (РУЈ) ..... 58
Програмско подрачје: ВЕШТИНИ (В) ..... 59
Програмско подрачје: КУЛТУРНА СВЕСТ И КОМПЕТЕНЦИИ (КСК) ..... 60
МАТЕМАТИКА ..... 61
Општи цели на наставата по математика за прво одделение ..... 61
Програмско подрачје:  МАТЕМАТИКАТА ОКОЛУ НАС (МОН) ..... 62
Програмско подрачје:  БРОЕВИ (Б) ..... 65
Програмско подрачје:  МЕРЕЊЕ И РАБОТА СО ПОДАТОЦИ (МРП) ..... 67
СВЕТОТ ОКОЛУ НАС ..... 69

Општи цели на наставата по светот околу нас за прво одделение ..... 69
Програмска тема: ЈАС И ДРУГИТЕ (ЈД) ..... 70
Програмска тема: СЕ ГРИЖАМ ЗА СЕБЕ И ЗА ОКОЛИНАТА (ГСО) ..... 73
Програмска тема: ГИ ИСТРАЖУВАМ ПРИРОДАТА И ОКОЛИНАТА (ИПО) ..... 74
Програмска тема: СЕ ОРИЕНТИРАМ ВО ПРОСТОРОТ И ВО ВРЕМЕТО (ОПВ) ..... 76
УМЕТНОСТ ..... 78
Општи цели на наставата по уметност за прво одделение ..... 78
Програмска област: ВИЗУЕЛНИ УМЕТНОСТИ (ВУ) ..... 79
Програмска област: МУЗИКА И СЦЕНСКИ ИГРИ (МСИ) ..... 83
Програмска област: КРЕАТИВНИ РАБОТИЛНИЦИ (КР) ..... 85
ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ..... 88
Општи цели на наставата по физичко и здравствено образование за прво одделение ..... 88
Програмска тема: ПРИРОДНИ ФОРМИ НА ДВИЖЕЊА (ПФД) ..... 89
Програмска тема: АТЛЕТСКА АЗБУКА (АА) ..... 93
Програмска тема: ГИМНАСТИЧКА АЗБУКА (ГА) ..... 95
Програмска тема: РИТАМ И ТАНЦИ (РТ) ..... 97
Програмска тема: ИГРИ (И) ..... 99
Програмска тема: ДВИЖЕЧКИ СОДРЖИНИ ОД АЛТЕРНАТИВНАТА ОКОЛИНА (ДСАО) ..... 101

## ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

Наставните програми за прво одделение имаат задача да ги реализираат следниве цели:

- Адаптирање на ученикот/чката во новата училишна средина
- Утврдување на потенцијалите, но и афинитетите на секое дете.
- Усвојување на неопходните почетни нивоа на знаења, вештини и способности во сите наставни предмети.
- Поттикнување на љубопитноста.
- Поттикнување на критичкото и логичко мислење.
- Поттикнува учење низ игра.
- Поттикнување на самодовербата.
- Поттикнување на интеракција и соработка со другите.
- Градење на личниот идентитет и интегритет – почитување на себеси и на сопствените специфики.
- Свесност за припадност кон заедницата и почитување на разликите.

| Наставен план и фонд на часови | | |
|---|---|---|
| **НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ** | **НАСТАВНИ ЧАСОВИ НЕДЕЛНО** | **НАСТАВНИ ЧАСОВИ ГОДИШНО** |
| **Мајчин јазик** | 4 | 144 |
| **Математика** | 4 | 144 |
| **Светот околу нас** | 2 | 72 |
| **Уметност** | 3 | 108 |
| **Физичко и здравствено образование** | 3 | 108 |
| **Англиски јазик** | 2 | 72 |
| **Вкупно** | **18** | **648** |

## ПОЕДИНЕЧНИ ЦЕЛИ, ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ И СТРАТЕГИИ/ТЕХНИКИ НА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ И РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕТО

Структурата на секое програмско подрачје/тема/област е составена од три елемента:

- **поединечни цели**, кои треба да се постигнат;
- наведени се предлог-**активности и стратегии/техники на учење** (како можни алтернативи, а наставниците може да користат и други соодветни активности, техники/игри во зависност од целта и од контекстот). Тие се таксативно наведени за секоја поединечна цел.
- за секоја поединечна цел се наведени и **резултатите од учењето** кои ученикот/ученичката треба да ги постигне. Резултатите од учењето се јасни изјави за тоа што се очекува од ученикот, односно кои знаења ќе ги стекне и кои вештини и ставови ќе ги развие. Резултатите од учењето треба да упатуваат на мерливост. Од секоја поединечна цел може да произлегуваат и неколку резултати на учење.

Преку резултатите од учењето на секој ученик треба да му биде јасно што се очекува од него.

**Напомена:**
**Програмски подрачја** се јавуваат во наставните програми: Мајчин јазик (македонски, албански, турски, српски јазик), Англиски јазик и Математика.
**Програмски теми** се јавуваат во наставните програми: Светот околу нас, Физичко и здравствено образование.
**Програмски области** се јавуваат во наставната програма Уметност.

**Програмските подрачја/теми/области во секоја наставна програма се кодирани според определена методологија:**

| Симбол за програмско подрачје | Симбол за одделение | Реден број на поединечна цел | Реден број на излезен резултат |
|---|---|---|---|
| **Почетните букви од називот на програмското подрачје/област/тема** | **Римски број за одделението** | **Голема печатна буква од кирилиско писмо/ латинично писмо за албански и за турски јазик** | **Реден број за излезен резултат со арапски број** |
| **Комуникација и јазик**<br>**КЈ** | **прво одделение**<br>**I** | **А** | **1** |

# ОПИС НА НАСТАВНИТЕ ПРЕДМЕТИ ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

## МАЈЧИН ЈАЗИК (МАКЕДОНСКИ/АЛБАНСКИ/ТУРСКИ/СРПСКИ ЈАЗИК)

Во новата наставна програма ја карактеризира се предвидува намалување на бројот на програмски подрачја на вкупно четири.

| | |
|---|---|
| **КОМУНИКАЦИЈА И ЈАЗИК** | **54 часа** |
| **ЛИТЕРАТУРА** | **35 часа** |
| **МЕДИУМСКА КУЛТУРА** | **20 часа** |
| **ПОДГОТОВКА ЗА ПОЧЕТНО ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ** | **35 часа** |

**Целна насоченост со дадени резултати од учењето**

Наставниците може да планираат реализација на целите преку различни извори, активности и стратегии, користејќи ја својата креативност и во зависност од контекстот. Мерливоста на постигањата на учениците е многу поедноставна, благодарение на дефинираните резултати кои произлегуваат од целите, во согласност со Блумовата таксономија. Предвидено е во програмите за следните одделенија да има повторување на програмските подрачја со соодветно продлабочување на целите, со што ќе се обезбедат сукцесивност и спиралност.

**Препознавање на малите, заедно со големите печатни букви од соодветните писма (македонско, албанско, турско, српско)**

Во новата наставна програма се предлага препознавање на големите и малите печатни букви. Овој наш став го засноваме на фактот дека поимот за мало и за големо во прво одделение ќе се усвојува и во програмски подрачја и теми на наставните предмети Математика и Светот околу нас, и тоа преку набљудување предмети од нивното опкружување и именување на нивните карактеристики, каде што детето практично го разбира поимот големо и мало и ја разликува таа особина на предметот. Ваквото практично осознавање

на концептот мало и големо, според наше мислење, во целост му овозможува на ученикот, освен големите печатни букви (на посочените јазици), визуелно да може да ги препознае и малите печатни букви. Притоа сме свесни дека во дадените јазици разликата меѓу пишувањето на големите и малите букви е различна (во македонскиот јазик од 31 буква во азбуката, само 3 се разликуваат во пишувањето, во албанскиот јазик од 36 букви, 22 се разликуваат во пишувањето, во турскиот јазик од 29 букви во азбуката, 14 се разликуваат во пишувањето, во српскиот јазик од 30 букви, само 5 се разликуваат во пишувањето), но тие разлики не го попречуваат препознавањето на големите и на малите печатни букви на соодветните јазици и писма во прво одделение, напротив, на детето му овозможуваат поимите да ги стекнува во нивната целост.

**Практикување на глобалното читање**

Потребата од глобално читање се наметнува поради повеќе можни фактори: современи средства за комуникација, средината во која расте детето, престојот во предучилишни установи, присуството на постар брат или сестра – ученици и сл.

Описменувањето со глобалниот метод не ја зема буквата како појдовна основа во изучувањето на почетната писменост, туку јазичната целина – зборот. Притоа, се отфрлаат секоја анализа и синтеза затоа што се смета дека се непотребни. Овој начин на читање, барем на почетокот, е многу олеснет затоа што се врши со препознавање на зборот, поткрепено и поврзано со конкретен дидактички материјал (предмет, модел, слика, цртеж...). Така, учениците учат да го идентификуваат, односно да го препознаат зборот пред да ги запознаат неговите елементи, односно буквите од кои е составен. Ова учење е резултат од препознавање на цели зборови (глобално) со кои детето често се среќава. Од неколку вака научени зборови, може да се составуваат и да се читаат реченици и куси текстови на ист начин како што се составуваат зборови и реченици од само неколку изучени букви.

**Различни подготвителни активности за пишување**

Во наставата по Мајчин јазик во прво одделение се предвидени вежби за подготовка за пишувањето затоа што преку систем од графички и мануелни вежби, подредени по тежина, раката на детето постепено ќе се оспособува за изведување координирани движења и ракување со приборот за пишување, со што ќе се создадат предуслови за полесно воведување на децата во техниката на пишувањето. Наставната практика покажува дека пишувањето е потешка вештина од читањето и дека децата доаѓаат на училиште со недоволно извежбана рака за ракување со приборот за пишување. Ова произлегува од сложеноста на пишувањето и од современиот начин на живеење (станува дури многу посложен процес од процесот на читањето) и наведува на заклучок дека на подготовката за пишување треба да се пристапи со сета сериозност. Практиката одвоено да се пишуваат елементарните линии од кои се составени буквите (прави, коси, полукружни...линии) не соодветствува на детската природа од оваа возраст. Современите педагози (методичари) предлагаат ваквите вежби да се заменат со доцртување цртежи во кои се компонирани тие линии и разни други мануелни креативни активности. Со ваквата практика, како што покажуваат и искуствата, децата на природен начин се подготвуваат за пишување затоа што овие вежби се поинтересни и полесни. Што е уште позначајно, тие се осмислени затоа што се поврзани со секојдневниот живот, за разлика од вежбите за пишување на елементите на буквите, кои се апстрактни и безживотни, не го предизвикуваат детскиот интерес, ја задушуваат нивната желба за творење и брзо ги заморуваат учениците. Не смееме да заборавиме дека на оваа возраст децата тешко препишуваат од табла, не успеваат да оставаат растојание или да се задржат на една линија. Исто така, како што треба да се планира поддршка за учениците со ПОП, важно е да се напомене дека децата што веќе пишуваат/читаат, може да добиваат дополнителни активности, во согласност со нивните можности.

# АНГЛИСКИ ЈАЗИК

**Усогласеност со светските трендови и со Заедничката европска референтна рамка за јазици**[1]

Светските трендови во изучувањето на странските јазици се темелат на најновите педагошко-дидактички начела:

- На учениците им е потребно физичко и емоционално опкружување во кое ќе се чувствуваат безбедни, среќни, почитувани и охрабрувани; ова е особено важно во првиот образовен циклус во кој се гради ставот кон училиштето и кон учењето.
- Во наставата по странски јазици во почетните одделенија доминира играта како природно опкружување за учење и треба да има баланс на активности осмислени и водени и од наставникот, но и од учениците; активностите кои ги води наставникот, како што се: игри, приказни, песни и стихотворби, креативни, уметнички и творечки активности му нудат на ученикот природно јазично опкружување, а интеракцијата го поттикнува развојот на јазичните вештини.
- Во природата на децата се љубопитноста и способноста да учат низ игра, а тие нивни карактеристики претставуваат основа за планирањето и за реализацијата на наставата. Во наставата по странски јазик во почетните одделенија, наставникот треба да ја поттикнува нивната мотивираност, меѓу другото, и преку интересни активности каде што се претставени културите на земјите од англиското говорно подрачје, а особено животот на децата на нивна возраст. Учениците се изложени на оригинален говор каде што низ реални ситуации се поттикнуваат мотивираноста за учење на англискиот јазик и почитта кон културите на земјите каде што тој се говори.

Заедничката европска рамка обезбедува основа за дефинирање на наставните цели, содржини, студиски програми, испити, учебници итн. од областа на изучувањето јазици, која воедно ги дефинира и очекуваните постигања на учениците, односно со какви знаења треба да се стекнуваат, кои вештини треба да се развиваат, како и градење одредени ставови, што ќе им овозможи успешно да комуницираат на еден јазик. Таа се темели врз истите врз кои е поставена и оваа наставна програма: плурилингвизам и мултикултурализам; вреднување на културната и на јазичната разноликост; сеопфатност и транспарентност, мобилност на учесниците; флексибилност, отвореност и динамичност; автономија и самосвест за доживотниот карактер на учењето јазици. Преку фокусираноста кон мултикултурното и интеркултурното образование, наставата по англиски јазик поттикнува стекнување знаења и развивање вештини,

---

[1] За детали, види https://www.coe.int/t/dg4/linguistic/Source/CEFR%20in%20Macedonian.pdf, https://www.coe.int/en/web/portfolio или https://www.coe.int/en/web/common-european-framework-reference-languages/?

но и градење одредени ставови. Сето ова им обезбедува на учениците  разноликост на искуства и им помага при градењето на индивидуалниот и на колективниот културен идентитет.

Во практична смисла, европската  рамка помага да се реализира меѓународната стандардизираност на резултатите од учењето, кои претставуваат клучна новина во оваа наставна програма, односно што учениците знаат, разбираат, умеат да кажат и направат, и какви ставови имаат развиено кон говорниците на англискиот јазик и кон нивните култури на крајот на еден наставен циклус.

Рамката е поделена на 6 нивоа: А1 - Подготвително ниво (Breakthrough); А2 - Основно ниво (Waystage), Б1 - Преодно ниво (Threshold), Б2 - Самостојно ниво (Vantage), Ц1 - Напредно ниво (Effective Operational Proficiency) и Ц2 - Врвно ниво (Mastery). Наставната програма за прво одделение е во рамките на нивото А1 (Подготвително ниво). Ова е најниското ниво каде што учениците стекнуваат знаења, развиваат вештини, градат ставови и самодоверба за едноставна интеракција, поставување и одговарање едноставни прашања за себе, за луѓето кои ги познаваат и за предметите со кои се сретнуваат, даваат и реагираат на едноставни изјави за себе и за својата непосредна околина на ограничени теми, во согласност со развојните карактеристики на детето.

**Усогласеност со структурата на Општата наставна програма за прво одделение**

Оваа програма ќе се реализира со 2 часа неделно, односно 72 часа годишно. Предвидени се четири програмски подрачја**:**

- Лексички единици
- Правилно разбирање и употреба на јазикот
- Вештини
- Културна свест и компетенции

За секое програмско подрачје се дадени поединечни цели, предлог активности и стратегии/техники на учење и поучување, како и резултати од учењето во зависност од поставеноста на самите цели, но и од самиот контекст. Како составен дел на наставната програма по англиски јазик за прво одделение ќе биде изработен и Прирачник во кој ќе бидат наведени предлог тематски подрачја, лексички единици/зборови и опис на можните активности за реализација на содржините по овој предмет. Дадените предлог зборови/лексички единици треба задолжително да се усвојат, а истовремено на наставникот му се дава можност, во зависност од нивото на предзнаења и знаења на учениците и одделението во целина, истите да се прошират. На овој начин се добива усогласеност на усвојувањето на зборовите/лексичките единици на ниво на Р. Македонија.

Преку внимателно планирање на програмите за следните одделенија, се обезбедуваат утврдување, повторување и надоврзување на програмските подрачја со соодветно продлабочување на целите, со што се обезбедуваат сукцесивност и спиралност. При планирањето на наставата, наставникот се води од начелото на интеграција на повеќе цели, од едно или од повеќе програмски подрачја, особено преку комбинирање на подрачјата Лексички единици и Правилно разбирање и употреба на јазикот со целите од подрачјата Вештини и Културна свест и компетенции. Со ова ќе се овозможи да се реализира посакуваната интеграција на форма и функција и на тој начин ќе се обезбедат трајни, применливи знаења, развивање вештини и градење одредени ставови.

## МАТЕМАТИКА

Наставната програма по Математика во прво одделение е **целно насочена**, што подразбира јасно дефинирани **цели** и конкретни **излези** кои треба да се реализираат во одреден период (без стриктни временски рокови, почитувајќи ги различностите кај децата). Исто така, значајно е да се напомене дека се дадени **предлог-активности** за реализација на целите, што ќе му овозможат на наставникот покрај примерите, со својата креативност да изврши и нивно надополнување.

Скратена е вкупната оптовареност на децата по сите наставни предмети во прво одделение, па така наставата по Математика е застапена со **4 часа неделно**. Новата предлог-наставна програма по Математика ги интегрира програмските подрачја (теми) и тоа во:

**Програмско подрачје: Математиката околу нас (МОН)**
**Програмско подрачје: Броеви (Б)**
**Програмско подрачје: Мерење и работа со податоци (МРП)**

Во новата предлог наставна програма по математика е предвидено учениците да ги изучуваат броевите најмалку до 10 и да се оспособат да бројат најмалку до 20. Исто така е предвидено учениците да се запознаат со поимот за број преку конкретни дидактички материјали (множеджства) и количеството на предметите да го поврзе со соодветната цифра и на тој начин да ги осознае броевите како квантитативно својство на предметите, но и да се воведе да почне да ги разбира операците за собирање и одземање. Во предлог наставната програма по математка е предвидено ученикот/чката да се оспособи да решава и едноставни проблемски ситуации од секојдневниот живот и да се поттикне логички и креативно да размислува. На оваа возраст учениците не се доволно оспособени за пишување во ограничен простор, особено во првото полугодие на учебната година и од тие причини предвидени се и предлог

активности за развој на графомоториката како и ИК технологоијата да се стави во функција на наставниот предмет со достапни воспитно – образовни софтвери.

## СВЕТОТ ОКОЛУ НАС

Во новата предлог наставна програма природо-научното и општественото подрачје во првиот образовен циклус (прво, второ и трето одделение) се обединуваат во еден наставен предмет кој ќе се именува како Светот околу нас. На овој начин се обезбедува интеграција на природните и на општествените науки преку програмски теми кои се соодветни за секојдневниот живот на детето, му овозможуваат да го развива својот потенцијал и подобро да се снаоѓа во реалниот живот. Всушност, објективната реалност се проучува од различни аспекти на природните и на општествените науки (биологија, географија, физика, хемија, историја...), при што се настојува да се обезбеди сфаќање на нивната поврзаност во целосно поимање на светот околу нас (феноменолошки ориентирана интеграција). Целосноста на поимањето на светот во целост се однесува не само на интелектуалното сознавање (стекнување знаења) туку и на градењето вредносни ставови и на оспособувањето за активност. Во прилог на ваквиот предлог се специфичните развојни карактеристики на децата до 10-годишна возраст (кои се на ниво на конкретно мислење, стварноста што ги опкружува ја доживуваат како единствена целина и затоа е природно да се користи таков концепт и при нејзиното сознавање).

Предложената наставна програма е целно насочена. За да обезбедиме развој на ученикот/ученичката во контекст на животот поставивме цели, предлагаме некои активности и предвидовме излезни резултати кои му овозможуваат на ученикот/ученичката стекнување непосредни и различни животни искуства. **Целите** се во согласност со Блумовата таксономија и овозможуваат развој на когнитивната, афективната и психомоторичката сфера. Оттука, акцентот во програмата покрај на сознавање на непосредната околина, е ставен и на поттикнување и развој на социоемоционалните, моралните, културните и интеркултурните, когнитивните, јазичните и моторичките способности и вештини. Програмата овозможува флексибилна реализација на целите, односно дава можност наставникот да прави избор на цели кои ќе ги реализира во согласност со наставната ситуација и способностите на учениците во паралелката.

Концептот почива на неколку принципи: холистички принцип, принцип на интеграција, принцип на демократичност и отвореност, принцип на саморазвој, принцип на припадност кон сопствената култура и традиција и почитување на различните од себе, принцип на актуелност итн. Инсистирањето на холистичкиот принцип подразбира почитување на различни стилови на учење, односно

обезбедување можности учениците да се мотивираат на различни начини и да ги доживеат содржините низ различни аспекти од својата личност. Затоа и пристапот кон реализацијата на програмските теми е интегриран, опфаќа повеќе аспекти со често интегрирање на слични цели од различни наставни предмети.

Во процесот на учење играта ја нудиме како метод на учење преку кој учениците ќе стекнуваат елементарни сознанија за светот што ги опкружува и практични вештини неопходни за квалитетен живот. Цел на учењето е самиот процес на учење каде што целите не ги ограничуваат децата на правилни и неправилни одговори, туку поттикнување на детските симболички и логичко мисловни стратегии на размислување и изразување, како и будење на фантазијата кои се во самата природа на децата на оваа возраст. Во таа насока, понудените активности во најголем број стимулираат учење преку решавање едноставни проблемски ситуации. Притоа, секако дека е потребно креирање средина која ќе ја поттикнува љубопитноста на учениците и која ќе биде во согласност со нивните психофизички и емотивни потреби. Всушност, суштината на холистичкиот пристап е во односот на наставникот со учениците и во атмосферата која ја создава во групата (почитување, самопочитување, доживување радост, соработка, емпатија и сл.).

## УМЕТНОСТ

Новиот предлог-концепт се базира на примена на **интегрираниот** пристап при реализација на предметите од уметничкото подрачјепа така предметите Ликовно и Музичко образование се обединуваат во еден предмет Уметност. Бидејќи првите три години од основното воспитание и образование ги гледаме како еден развоен циклус, некои од целите, содржините или активностите се допрецизирани, редефинирани и адаптирани.

Наставната програма по предметот Уметност е поделена на три програмски области: **Визуелни уметности**, **Музика и сценски игри** и **Креативни работилници**. Вака широко дефинираните уметнички области овозможуваат широк содржински спектар, како и бројни активности, што севкупно на самиот наставник му нудат далеку поголема креативна слобода во наставата. Првите две програмски области (Визуелни уметности, Музика и сценски игри) ќе се реализираат до трето одделение, по што ќе се одделат во посебни предмети: Ликовно воспитание и образование и Музичко воспитание и образование, додека последната програмска област, Креативни работилници, во следните две одделенија (второ и трето), ќе биде променлива, т.е. ќе бидат понудени различни модули со кои наставникот ќе може да ја адаптира, да ја индивидуализира и креативно да ја организира наставата по предметот Уметност. Така,

на пример, третата програмска област во второ и во трето одделение ќе нуди цели, активности и содржини за модерни танци, филм, ИТ и уметност, фотографија, занаети, рачни изработки....со што и наставниците и учениците ќе можат да „си играат“ во согласност со личните интереси и преференции. Оваа трета област, Креативни работилници, претставува одлична можност за интеграција на самиот предмет со другите предмети, но и можност за сензибилизирање на децата на оваа возраст да сфатат дека уметноста не е нешто апстрактно, нешто што се случува само во училиште, туку дека со неа се занимавале и нашите предци и дека таа е насекаде околу нас - сè што нè опкружува може да претставува предизвик за уметничка експресија.

Предложената наставна програма е целно насочена. За да обезбедиме развој на ученикот/ученичката во контекст на животот, поставивме цели, предложивме активности и предвидовме излезни резултати кои овозможуваат стекнување непосредни и различни животни искуства. **Целите** се во согласност со Блумовата таксономија и овозможуваат развој на когнитивната, афективната и психомоторната сфера. Исто како и целокупниот реформски концепт, така и оваа програма по Уметност ги нагласува проблемското учење, принципот на интеграција, сукцесивноста и спиралноста.

Наставникот е слободен во изборот на целите за секој час. Тие не се поставени редоследно и наставникот не е обврзан редоследно да ги реализира. Тоа му овозможува на наставникот креативно да ги комбинира наставните цели и да има проблемски пристап кон нивната реализација. Истовремено, таквата слобода ќе помогне во интеграцијата како во рамките на самите цели на предметот, така и во меѓупредметната интеграција. Понатаму, секоја наставна програма за следното одделение го запазува принципот на сукцесивност, односно последователност на нивоата и на содржините кои учениците треба да ги стекнат. Исто така е зачуван и принципот на спиралност, како еден од поважните дидактички пристапи. Затоа, може да се забележи дека определени цели се повторуваат во секое одделение (на пример, ликовни елементи, ликовни принципи, музички елементи и сл.) и соодветно се продлабочуваат. Наставникот треба да обрати посебно внимание на нив и соодветно да ги обработи.

## ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ

При изработката на предлог-наставната програма за прво одделение се земени предвид сите развојни карактеристики на децата на таа возраст (анатомско-физиолошки, физичкиот раст и развој, созревањето и развојната функција на одделни органи и ткива, емоционалниот и когнитивниот развој на детето, спецификите на движењата во овој возрасен период и спецификите на моторните способности).

Изборот на целите, предлог-активностите, како и резултатите од учењето, се компатибилни со развојните карактеристики на децата на таа возраст (учење на природните форми на движење, прилагодените природни форми на движење и едноставните моторички движечки структури од атлетската и од гимнастичката азбука, игрите со топка и ритмика и ритам и танц). Исто така, во новата предлог-наставна програма е предвиден и развој на компонентите од здравствениот фитнес (нивото на моторичките способности, нутритивниот и постуралниот статус) и примена на стандардизирана батерија на тестови со која ќе се следи здравствениот фитнес кај децата (стекнување здравствени придобивки и навики и позитивно влијание врз физичкиот развој), како и предвидени цели кои ќе придонесат за нивниот психосоцијален развој. Изборот на целите, предлог-активностите и резултатите од учењето е направен по деталната анализа на голем број курикулуми за предметот Физичко и здравствено образование од повеќе развиени земји во светот, а посебно во околните земји.

Резултатите од голем број студии кои ги компарираат антропометриските карактеристики, моторичките способности и моторичкото умеење на децата од нашата земја со деца од други земји, покажуваат дека децата од нашата земја имаат значително пониски резултати во однос на моторичките способности и на моторните вештини. Исто така, е константиран  и неадекватен развој во однос на антропометриските карактеристики преку доминација на масата на телото и поткожното масно ткиво. Ваквата состојба на прекумерно зголемена телесна маса која е проследена со дисбаланс во мускулната сила доведува до појава на деформитети на ’рбетниот столб чија појава во последните години е драстично зголемена.

Регистрирањето и следењето на моторниот развој на децата со стандардизирани батерии на тестови е составен дел од следењето на севкупниот развој на децата  во голем број земји.

Генералните цели кои се предвидени да се реализираат со следењето на антрополошкиот развој на децата се:

- Добивање информации преку кои ќе се утврди дали детето заостанува во однос на некои антропометриски (морфолошки) карактеристики.

- Добивање информации преку кои ќе се процени моторичкиот статус на детето така што ќе се направи целосен увид во развојот на моторичките способности, односно кои моторички способности се развиени на повисоко, а кои на пониско ниво.
- Добивање информации преку кои ќе се утврди дали детето заостанува во однос на моторното умеење, односно кои моторни вештини се манифестираат на потребното ниво за дадената возраст, а кои дополнително треба да се развиваат.
- Добивање информации за ефектите од наставниот план и програма по предметот Физичко и здравствено образование.
- Родителот добива целосна слика за антрополошкиот статус на своето дете.

## ИНТЕРКУЛТУРНАТА ДИМЕНЗИЈА ВО НОВИТЕ НАСТАВНИ ПРОГРАМИ

Во новите наставни програми за прво одделение, особен фокус и акцент се ставени врз зајакнувањето на интеркултурната димензија и вредности, како основа за промоција на филозофијата и етосот на интеркултурното образование.

Интеркултурните елементи суптилно се вградени преку интервенции во различните категории на развојните цели, но и во однос на очекуваните излези, секако, земајќи ги предвид возраста и развојните стандарди и очекувања, предвидени за учениците од раната училишна возраст.

Интеркултурната компонента дополнително е надградена и со повеќе можни прагматични воспитно-образовни активности, чиишто применливост и прилагоденост на возрасните развојни законитости, послужија како еден од носечките индикатори при нивниот избор.

Тие се претставени преку сет на повеќе систематски, плански и суптилни воспитно-образовни приоди и стратегии со цел промоција на секаков вид различности т.е. културен, јазичен, родов, социјален, етнички, верски диверзитет, што ќе влијае позитивно врз сензибилизирањето на сите воспитно-образовни субјекти за препознавање, почитување и квалитетно живеење во опкружувањето кое е извор на мноштво разлики.

Секако, интеркултурното образование не може да биде организирано како нов (дополнителен) наставен предмет, ниту сведено само на содржини на еден наставен предмет. Овој вид на воспитно-образовно дејствување претставува континуиран процес бидејќи неговото јадро се развивањето и градењето на животните вештини кои се претпоставка за квалитетен соживот во нашата општествена заедница, па и пошироко. Токму затоа интеркултурното образование не може и не смее да биде организирано со цел стекнување само на нови знаења за другиот, туку како процес на градење на вредности, ставови, вештини. Воедно, интеркултурното образование треба да биде присутно во сите циклуси на образованието, но секако, соодветно воспитно и содржински прилагодено кон потребите на различните возрасни категории на ученици.

Интеркултурното образование, исто така, не може да биде сведено на една или на неколку тематски содржини, програмски ситуации, туку е неопходно постојано креирање на интеркултурни воспитни стимулации за учениците во насока на нивното интеркултурно сензибилизрање и градење на интеркултурната осетливост.

Исто така, треба да се нагласи дека интеркултурното образование како една од задачите и приоритетите на воспитно-образовниот процес, треба да се одвива во сите циклуси на воспитанието и на образованието.

# НАСТАВНИ ПРОГРАМИ ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

## МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

| Програмско подрачје: | Годишен фонд на часови: *(ориентациски за секое програмско подрачје)* |
|---|---|
| **КОМУНИКАЦИЈА И ЈАЗИК (КЈ)** | **54 часа** |
| **ЛИТЕРАТУРА (Л)** | **35 часа** |
| **МЕДИУМСКА КУЛТУРА (МК)** | **20 часа** |
| **ПОДГОТОВКА ЗА ПОЧЕТНО ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ (ПЧП)** | **35 часа** |

### ОПШТИ ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- Да развие интерес и љубов кон македонскиот јазик.
- Да го користи говорот за воспоставување нови контакти и за меѓусебно разбирање.
- Да се поттикне активно да слуша.
- Да се поттикне синхронизирано и правилно да користи вербален и невербален говор.
- Да се поттикне слободно да ги изразува емоциите, доживувањата, ставовите и мислите.
- Да развие медиумска култура и да користи мултимедиски извори за учење.
- Да се поттикне кон откривање на значењето на новите зборови и кон нивно користење.

- Да ја развие фантазијата преку говорното творештво.
- Да се оспособи глобално да чита.
- Да се оспособи да ги препознава големите и малите печатни букви од македонското кирилско писмо.
- Да ја развие графомоториката и да се воведе во почетното пишување.
- Да воочи разлики во говорното изразување на други јазици.

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: КОМУНИКАЦИЈА И ЈАЗИК (КЈ) | | |
|---|---|---|
| **Поединечна цел** | **Предлог-активности и стратегии/техники на учење и поучување** | **Резултати од учењето** |
| | **Ученикот/ученичката:** | |
| **КЈ-I/А** да се оспособи слободно да разговара | − Меѓусебно претставување и запознавање<br>− Моите чувства - искажување на чувствата кон омилен предмет, животно и сл.<br>− Учениците зборуваат за своите желби и чувства и се запознаваат со желбите и чувствата на другите<br>− Договарање правилата на однесување во училницата<br>− Разговори а секојдневни настани: моите другари, моето милениче, јас и моето семејство и сл.<br>− Симулирање телефонски разговор<br>− Разговор за омилена игра<br>− Поставување прашања низ разни импровизирани ситуации (игри на улоги)<br>− | **КЈ-I/А1** учествува во разговор слободно изразувајќи ги своите потреби, мисли и чувства;<br>**КЈ-I/А2** учествува во разговор слободно, почитувајќи ги правилата на културното однесување (внимателно слуша, не го прекинува соговорникот);<br>**КЈ-I/А3** поставува едноставни прашања;<br>**КЈ-I/А4** одговара или објаснува во согласност со темата. |
| **КЈ-I/Б** да се оспособи внимателно да слуша | − Игра: Го цртаме тоа што го слушаме<br>− Одговора на поставени прашања за одредена тема<br>− Селектирање илсутрации кои одговараат на прочитана содржина<br>− Игра: Пронаоѓаме предмет според слушнат опис | **КЈ-I/Б1** слуша и разбира едноставни содржини;<br>**КЈ-I/Б2** слуша и постапува според слушнатите насоки;<br>**КЈ-I/Б3** одговара на прашања според слушнатата содржина; |

| | | |
|---|---|---|
| | − Довршување недовршени реченици кои ги започнува наставникот<br>− Игри за снаоѓање во просторот според слушнати инструкции<br>− Препознавање различни чувства во слушната содржина (игри на улоги)<br>− Поставувам прашања за нејасна содржина<br>− Глумење различни чувства според слушната содржина | **КЈ-I/Б4** поставува прашања според слушнатата содржина;<br>**КЈ-I/Б5** препознава дека слушнатите содржини предизвикуваат различни чувства. |
| **КЈ-I/В** да се оспособи за правилна говорна артикулација | − Вежби за правилно држење на телото при говорење<br>− Кажување брзозборки<br>− Кажување гатанки и поговорки<br>− Правилно изговарање слушнати гласови, зборови и реченици<br>− Игри за имитирање и препознавање гласови, звуци и шумови<br>− Игра: Се снимаме за да слушнеме како звучиме<br>− Достапни воспитно-образовни софтвери | **КЈ-I/В1** правилно го држи телото при говорење;<br>**КЈ-I/В2** правилно ги повторува слушнатите гласови и зборови;<br>**КЈ-I/В3** точно ги повторува и интонира слушнатите реченици;<br>**КЈ-I/В4** препознава гласови, звуци и шумови;<br>**КЈ-I/В5** имитира гласови, звуци и шумови;<br>**КЈ-I/В6** правилно ги изговара броевите до 20;<br>**КЈ-I/В7** кажува гатанка, брзозборка, поговорка. |
| **КЈ-I/Г** да го користи говорот како средство за изразување на својата индивидуалност | − Раскажување доживувања<br>− Разговори на теми по избор на учениците<br>− Раскажување по фотографија од лично доживување (приредба во градинка, роденденска прослава, маскенбал и сл.)<br>− Прераскажување дел од омилен цртан филм со помош на прашања<br>− Игри на улоги<br>− Цртање ликови со различни чувства<br>− Глумење различни чувства<br>− Довршување започнати реченици (Јас сум... Многу сакам... Понекогаш мислам...)<br>− Игра: Римуваме зборови (по аналогија се обидуваат да смислат рима за кажан збор) | **КЈ-I/Г1** раскажува кусо за сопствени доживувања и случки;<br>**КЈ-I/Г2** ги изразува своите чувства слободно;<br>**КЈ-I/Г3** раскажува по серија на слики;<br>**КЈ-I/Г4** прераскажува со помош на прашања куси содржини;<br>**КЈ-I/Г5** опишува она што го набљудува (личности, предмети, растенија и животни) со помош на прашања;<br>**КЈ-I/Г6** препознава дека различни слушнати содржини предизвикуваат различни чувства; |

| | | |
|---|---|---|
| | − Игра: Смислувам ново име за....(животни, растенија и предмети) според некоја нивна карактеристика<br>− Игра: Расипан телефон (последниот од групата ја повторува шепнатата реченица) | **КЈ-I/Г7** препознава дека нашите чувства влијаат врз начинот на кој зборуваме;<br>**КЈ-I/Г8** синхронизирано ги употребува невербалниот и вербалниот говор;<br>**КЈ-I/Г9** твори оригинални творби со поттик и ја развива фантазијата (своја гатанка, шега, необичен израз);<br>**КЈ-I/Г10** учествува во говорни игри. |
| **КЈ-I/Д** да се воведе во литературниот македонски јазик | − Примери за воочување дијалект наспроти литературен јазик<br>− Следење/читање народни приказни<br>− Зборувам на дијалект<br>− Зборувам на литературен јазик | **КЈ-I/Д1** почнува да прави разлика меѓу дијалектот/локалниот говор и литературниот македонски јазик. |
| **КЈ-I/Ѓ**да го збогатува речникот | − Објаснување непознати зборови при секојдневни активности<br>− Изработување кутии за складирање различни сликички со нови зборови<br>− Разговараме за... иницирање разговор во кој наставникот намерно употребува нови зборови | **КЈ-I/Ѓ1** учи нови зборови кои означуваат имиња на предмети, појави, лица. |
| **КЈ-I/Е** да препознава различни видови реченици | - Игра: Извикувам, раскажувам, прашувам (кажување различни реченици според дадени илустрации и објаснување на нивните имиња)<br>− Правилно изговарам расказни, прашални и извични реченици<br>− Препознавам расказни,прашални и извични реченици преку слушнат говор, текст<br>− Разгледување сликовници за да откријат каде и зошто е употребен некој интерпункциски знак | **КЈ-I/Е1** препознава расказни, извични и прашални реченици преку слушање;<br>**КЈ-I/Е2** применува расказни, извични и прашални реченици преку зборување. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ЛИТЕРАТУРА (Л) | | |
|---|---|---|
| **Поединечна цел** | **Предлог-активности и стратегии/техники на учење и поучување** | **Резултати од учењето** |
| **Ученикот/ученичката** | | |
| **Л-I/А** да се запознае со литературата за деца (проза и поезија) | – Достапни воспитно-образовни софтвери<br>– Наставникот чита сликовници, бајки, басни, стихотворби<br>– Слушање аудиозаписи<br>– техника СТОП (наставникот престанува да чита, а учениците предвидуваат што ќе се случи<br>– Илустрирање според слушната содржина<br>– Разговор за содржината на творбата<br>– Препознавање познати творби според слушнати делови од содржината<br>– Одговарање на прашања од слушната содржина | **Л-I/А1** почнува да препознава што е: приказна, басна, бајка, стихотворба;<br>**Л-I/А2** внимателно слуша додека се чита;<br>**Л-I/А3** одговара на прашања во врска со слушнатата содржина. |
| **Л-I/Б** да ги изрази своите впечатоци, мисли и чувства за литературните творби | – Користење достапни воспитно-образовни софтвери<br>– Разгледување сликовници (разликување текст и илустрација)<br>– Илустрирање дел од прочитана содржина<br>– Разговор: Од каде доаѓа ова име на приказната?<br>– Одговарање на прашања според слушната творба<br>– Селектирање илустрации кои одговараат на прочитан текст<br>– Цртање лик од творбата<br>– „Т-табела“ – цртање позитивен и негативен лик<br>– Глумење лик од литературна творба<br>– Разговор: Што ни се допадна, а што не ни се допадна во творбата<br>– Правилно подредување измешани илустрации од слушнат текст<br>– Смислување ново име за творбата<br>– Препознавање познати приказни според апликации или слушнати делови од приказните | **Л-I/Б1** разликува илустрација и текст во литературната творба;<br>**Л-I/Б2** зборува за впечатоци од содржината;<br>**Л-I/Б3** изразува чувства во врска со содржината преку зборови, цртежи и движења;<br>**Л-I/Б4** зборува за постапките на ликовите;<br>**Л-I/Б5** кажува слободно што му/ѝ се допаѓа или не му/ѝ се допаѓа во содржината;<br>**Л-I/Б6** објаснува слободно зошто му/ѝ се допаѓа или не му/ѝ се допаѓа содржината. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: МЕДИУМСКА КУЛТУРА (МК) | | |
|---|---|---|
| **Поединечна цел** | **Предлог-активности и стратегии/техники на учење и поучување** | **Резултати од учењето** |
| **Ученикот/ученичката:** | | |
| **МК-I/А** следи различни медиумски содржини, соодветни на возраста | − Следење достапни медиумски содржини<br>− Цртање омилени ликови од детски медиумски содржини<br>− Драматизација според детска медиумска содржина<br>− Разговор за детски ТВ-емисии, цртани/анимирани филмови, аудиозаписи и дигитални содржини<br>− Следење куси медиумски содржини на различни јазици | **МК-I/А1** препознава: детски ТВ-емисии, цртан/анимиран филм, аудиозаписи, дигитални содржини соодветни на возраста;<br>**МК-I/А2** покажува интерес за следење различни детски медиумски содржини<br>**МК-I/А3** следи различни детски медиумски содржини. |
| **МК-I/Б** да се запознае со начинот на употреба на дигиталните детски соджини | − Кога и зошто го користам компјутерот (како, колку и со кого да се користи компјутерот)<br>− Користење достапни дигитални содржини<br>− Илустрирање: Јас и компјутерот | **МК-I/Б1** употребува соодветни дигитални детски содржини. |
| **МК-I/В** да се запознае со намената на библиотеката | − Разгледување на библиотеката во училиштето (или разговор со помош на слика/фотографија)<br>− Разговор со библиотекарот (или разговор со наставник кој глуми библиотекар)<br>− Уредување на одделенското катче (со книги, сликовници и списанија)<br>− Дневна дружба (секојдневно читање книга/сликовница, по избор на ученик)<br>− Мојата омилена приказна /сликовница<br>− Смислување правила за грижа за книгите | **МК-I/В1** знае за намената на библиотеката во училиштето. |
| **МК-I/Г** да користи детски списанија и сликовници/книги | − Правење збирка од разни списанија<br>− Разгледување списанија, сликовници и книги<br>− Средување на катчето за читање<br>− Читање сликовници и книги<br>− Цртање според прочитана содржина | **МК-I/Г1** истражува/користи катче за читање во училница (во зависност од ресурсите во училницата);<br>**МК-I/Г2** користи детски списанија/сликовници/книги. |

| | | |
|---|---|---|
| **МК-I/Д** да следи културно-уметнички содржини соодветни на возраста | - Посета на театар и на кино (во зависност од контекстот)<br>− Разговор за однесување при посетата на театар или на кино<br>− Правење маски<br>− Во улога на омилен лик<br>− Креирање катче за драматизација<br>− Разговор за впечатоци од следена претстава/филм<br>− Драматизација според познати содржини | **МК-I/Д1** следи театарски претстави;<br>**МК-I/Д2** следи детски филм;<br>**МК-I/Д3** вреднува, поддржува, имитира ликови. |

| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ПОДГОТОВКА ЗА ПОЧЕТНО ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ (ПЧП)** | | |
|---|---|---|
| **Поединечна цел** | **Предлог-активности и стратегии/техники на учење и поучување** | **Резултати од учењето** |
| **Ученикот/ученичката:** | | |
| **ПЧП-I/А** да се оспособи визуелно да препознава зборови и глобално да чита | − Разгледување сликовници (препознавање текст и илустрација)<br>− Игра: Погоди што е... - поврзува текст со дадена илустрација/поврзува збор со слика<br>− Игра: Буква, збор или реченица (разликува буква, збор и реченица напишани на картончиња)<br>− Разговор за омилени играчки/предмети во училницата<br>− Цртање и именување предмети од училницата<br>− Поврзување сликички со зборови<br>− Запишување зборови со цртички место букви<br>− Запишување реченици со цртички место зборови<br>− Игра: Ги читаме имињата што ги носат другарчињата на беџови<br>− Користење достапни воспитно-образовни софтвери | **ПЧП- I/А1** препознава илустрација и текст;<br>**ПЧП-I/А2** поврзува текст и илустрација (покажува текст, покажува илустрација);<br>**ПЧП-I/А3** препознава зборови преку илустрации;<br>**ПЧП-I/А4** правилно изговара зборови;<br>**ПЧП-I/А5** прави разлика меѓу предмет, цртеж/слика и збор;<br>**ПЧП-I/А6** прави разлика меѓу збор, реченица и буква;<br>**ПЧП-I/А7** глобално чита преку визуелно поврзување илустрација со зборови напишани со големи и мали печатни букви од македонското кирилско писмо. |

| | | |
|---|---|---|
| | – Истражување низ игра: Броиме зборови во реченица и реченици во краток текст<br>– Читање зборови од сликички со именувани предмети | |
| **ПЧП-I/Б** да разликува и правилно да изговара гласови во различна местоположба во зборот | – Кажување брзозборки<br>– Игра: На буква, на буква (кажување зборови според првиот глас)<br>– Игри за правилен изговор на соодветен глас на почеток, средина и крај од зборот<br>– Користење достапни воспитно-образовни софтвери | **ПЧП-I/Б1** разликува гласови на почетокот, на средината и на крајот од зборот;<br>**ПЧП-I/Б2** правилно изговара гласови на почетокот, на средината и на крајот од зборот. |
| **ПЧП-I/В** да се запознае со големите и малите печатни букви од македонското кирилско писмо | – Извлекување и погодување карти со напишани букви<br>– Нижење ѓердан од букви напишани на картончиња<br>– Пееме песна за буквите<br>– Моделирање и креирање букви од разни материјали | **ПЧП-I/ГВ** визуелно ги препознава големите и малите печатни букви од македонското кирилско писмо. |
| **ПЧП-I/Г** да се оспособи за почетно пишување во согласност со правилата за пишување на македонски јазик, развивајќи координација (око – рака) и графомоторика | – Разгледување сликовници и воочување на правилата при пишувањето на македонски јазик - правци во пишувањето (од лево кон десно и од горе кон долу);<br>– Истражувачки активности со разни видови моливи: Различни траги<br>– Цртање<br>– Доцртување соодветни елементи од кои се составени буквите на интересни цртежи<br>– Игри: Цртаме… Доцртуваме/допишуваме...<br>– Лавиринт<br>– Игра: Моделираме букви (од тесто и пластелин)<br>– Игра: Пишувам на песок | **ПЧП-I/Г1** шематски ги разбира правилата при пишувањето на македонски јазик - правци во пишувањето (од лево кон десно и од горе кон долу);<br>**ПЧП-I/Г2** црта/доцртува/моделира елементи од кои се составени буквите во определен простор, според правилата при пишувањето на македонски јазик (од лево кон десно и од горе кон долу);<br>**ПЧП-I/Г3** открива дека со различен притисок со моливот се добива различна трага;<br>**ПЧП-I/Г4** практикува графомоторички вежби преку игра (црта, моделира, конструира, поврзува со различен материјал, демонстрира со делови од телото елементи од кои е составена соодветна буква и сл.); |

| | | |
|---|---|---|
| | – Игра: Aј погоди која буква ја правам? (демонстрирање со делови од телото елементи од кои е составена соодветна буква) | **ПЧП-I/Г5** започнува да ги создава, да ги црта, да ги креира големите и малите печатни букви од македонското кирилско писмо. |
| **ПЧП-I/Д** да започне да препознае некои интерпункциски знаци и нивното значење | – Моделирање интерпункциски знаци<br>– Игра: Aј погоди каква е реченицата (препознавање слушнати расказни, извични и прашални реченици)<br>– Разгледување сликовници за да откријат каде и зошто е употребен некој интерпункциски знак.<br>– Пронаоѓам грешки (намерно несоодвено интонирана реченица од наставникот, грешно ставена апликација со интерпункциски знак и сл.)<br>– „Извикувам, раскажувам, прашувам“-(игри закажување различни реченици според дадени илустрации)<br>– Читање текст без интерпункциски знаци и откривање зошто се потребни | **ПЧЃ-I/Д1** почнува да ги препознава интерпункциските знаци: точка, прашалник и извичник. |
## ОПШТИ ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ПО УМЕТНОСТ ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- Да развие интерес и љубопитност за уметничко изразување.
- Да се оспособи преку уметноста да ја изразува својата индивидуалност.
- Да изгради самодоверба и позитивна слика за себе.
- Да развие визуелна перцепција на околината со запознавање и примена на ликовниот јазик.
- Да се запознае со различни ликовни материјали и техники.
- Да развие вештини и способности неопходни за експресивно, инвентивно и креативно уметничко изразување.
- Да се оспособи да истражува, да експериментира, да замислува и да креира преку работата на уметнички творби.
- Да се оспособи за индивидуално искажување на доживеаните уметнички творби (мисли, чувства, доживувања, фантазија...).
- Да го почитува сопственото и туѓото творештво и творба.
- Да развие интерес и љубов кон музиката.
- Да знае како да пее песни различни по содржина и карактер, со опсег ц1 - а1 (до – ла).
- Да слуша и да разликува шум и звук.

- Да се оспособи да користи правилен пејачки став.
- Да развие осет за ритам.
- Да  ги знае различните брзини (бавно - бразо),  различните јачини (силно - тивко) во слушаното дело.
- Да развие способност за свирење на ритмички детски музички инструменти (ДМИ).
- Да се оспособи активно да слуша музика.
- Да развие интерес за музичко-ритмички активности.
- Да развие интерес и љубов кон драмско-сценски уметности.
- Да развие способност да соработува во пар и во група при заеднички уметнички проекти.
- Да развие културни, хигиенски и работни навики.
- Да се запознае со користење ИКТ за уметнички цели.

| ПРОГРАМСКА ОБЛАСТ: ВИЗУЕЛНИ УМЕТНОСТИ (ВУ) | | |
|---|---|---|
| **Поединечна цел** | **Предлог активности и стратегии/техники на учење и поучување** | **Резултати од учењето** |
| **Ученикот/ученичката:** | | |
| **ВУ-I/А** да ги запознае подлогите и материјалите за цртање, сликање, моделирање, печатење | - Со/на што можам да цртам<br>- Со/на што можам да сликам<br>- Со што можам да моделирам<br>- Со што можам да печатам | **ВУ-I/А1** користи со помош на наставникот материјали за цртање: молив, дрвени бои, фломастери, креди...;<br>**ВУ-I/А2** користи со помош на наставникот материјали за сликање: пастел (мрсни бои), креди во боја...;<br>**ВУ-I/А3** користи со помош на наставникот материјали за моделирање: тесто, пластелин, песок, снег...;<br>**ВУ-I/А4** користи со помош на наставникот материјали за печатење: природни и вештачки (лисја, компир, пластика...);<br>**ВУ-I/А5** истражува разни видови подлоги за цртање/сликање (меко - тврдо, мазно - рапаво). |

| | | |
|---|---|---|
| **ВУ-I/Б** да го поставува правилно телото при цртање/сликање/моделирање/печатење и сл. | - Игри за редење работен материјал на маса<br>- Исправи го телото | **ВУ-I/Б1** правилно го поставува телото со помош на наставникот при цртање/сликање/моделирање;<br>**ВУ-I/Б2** ја имитира демонстрираната позиција на телото. |
| **ВУ-I/В** да стекне поголема сигурност и контрола на движењето на раката и подобрување на графомоториката | - Ја вежбаме раката: притисок, агол на раката при цртање, сликање, спојување, лепење | **ВУ-I/В1** со инструкции се труди да го прилагодува движењето на раката при: цртање/сликање/моделирање/печатење;<br>**ВУ-I/В2** ракува со ликовните материјали со почетно ниво на прецизност;<br>**ВУ-I/В3** ја користи раката при манипулацијата со ликовните материјали на почетно ниво на контрола. |
| **ВУ-I/Г** да ракува соодветно и да се грижи за приборот за работа | - Работа со приборот за цртање/сликање<br>- Ги чуваме и ги одржуваме приборот и материјалите за работа | **ВУ-I/Г1** го чува материјалот за работа во соодветни услови (соодветно затворени фломастери, бои...);<br>**ВУ-I/Г2** покажува основни работни и хигиенско-технички навики при ракувањето со материјалите. |
| **ВУ-I/Д** да ги истражи и да примени материјали за моделирање и за конструирање | – Моделираме со различни материјали: тесто, пластелин, песок, снег, коцки<br>– Обликуваме со различни материјали<br>– Ѕидаме куќа од коцки<br>– Воз од коцки<br>– Моделираме едноставна форма со тесто, пластелин, песок, снег, според набљудувана или доживеана содржина | **ВУ-I/Д1** користи основни материјали за моделирање и за градење со помош на наставникот;<br>**ВУ-I/Д2** гради и конструира со различни материјали со додавање и одземање, доградување, надградување (високо - ниско) со помош на наставникот;<br>**ВУ-I/Д3** спојува од мали делови поголеми конструкции (дел - целина) со помош на наставникот;<br>**ВУ-I/Д4** препознава и ги посочува еднакви делови од структурата, највисокиот - најнискиот, најголемиот - најмалиот, најширокиот - најтесниот дел од структурата. |
| **ВУ-I/Ѓ** да ја воочи местоположбата на објектите во просторот и соодветно да ги прикажува во уметничката творба (горе - долу, пред - зад, внатре – надвор итн. ) | - Го цртам тоа што ми го кажуваш: горе - долу, лево - десно (во однос на себе), пред - зад, внатре - надвор, високо - ниско, широко - тесно, под - над<br>- Ја набљудуваме непосредната околина | **ВУ-I/Ѓ1** набљудува насочено во непосредната околина;<br>**ВУ-I/Ѓ2** набројува тоа што го набљудува (целина и делови); |

| | | |
|---|---|---|
| | | **ВУ-I/Ѓ3** определува местоположба на објектите во просторот;<br>**ВУ-I/Ѓ4** препознава и ги претставува односите во 2Д (на површина) и 3Д (во простор) |
| **ВУ-I/Е** да се знае со основните ликовни принципи неопходни за почетно творење (ритам) | – Го набљудуваме повторувањето околу нас<br>– Цртаме шари што се повторуваат<br>– Претставуваме повторување со едноставни форми (килим, дождовни капки) | **ВУ-I/Е1** воочува просто и наизменично повторување во околината и во уметничките дела (повторување во простор и на површина - ритам) со помош на наставникот;<br>**ВУ-I/Е2** претставува просто повторување на површина со помош на наставникот. |
| **ВУ-I/Ж** да ги знае ликовните елементи неопходни за почетно творење (точка, линија, боја, големина, текстура, форма) | - Игра: Лавиринт<br>- Цртаме линии<br>- Истражуваме линии околу нас<br>- Го цртам тоа што ми го кажуваш<br>- Игри со конци<br>- Истражуваме: Нашите омилени бои<br>- Која боја каде е<br>- Пееме за боите<br>- Играме со боите<br>- Препознаваме текстура<br>- Игри со различни површини (мазна - рапава,тврда - мека) | **ВУ-I/Ж1** препознава во околината и во уметничките дела (на површина и во простор) различни видови линии:<br>прави - криви, тенки - дебели, полни - испрекинати, отворени - затворени со помош на наставникот;<br>**ВУ-I/Ж2** црта точки и различни видови линии: прави, криви, тенки, дебели, брановидни, искршени, полни испрекинати, отворени, затворени;<br>**ВУ-I/Ж3** знае кои се основните бои: црвена, жолта и сина;<br>**ВУ-I/Ж4** знае да ги именува боите кои најчесто ги забележува во секојдневното опкружување;<br>**ВУ-I/Ж5** применува основни бои на цртеж;<br>**ВУ-I/Ж6** препознава дека станува збор за различни видови текстура (мазна – рапава, тврда - мека);<br>**ВУ-I/Ж7** разликува големи и мали форми во околината;<br>**ВУ-I/Ж8** препознава едноставна и сложена форма;<br>**ВУ-I/Ж9** црта различни форми (мали - големи). |

| | | |
|---|---|---|
| **ВУ-I/3** да се оспособи индивидуално да се изразува со ликовните техники: цртање, сликање, моделирање, печатење, колаж | - Црта по сопствен избор<br>- Слика со различни бои<br>- Игри со тесто/пластелин/глина...<br>- Цвет од пластични капачиња, копчиња<br>- Правиме отпечаток од предмет премачкан со боја<br>- Истражуваме чии се отпечатоците<br>Правење отпечатоци со различни предмети на различна подлога<br>- Креираме едноставни форми од колаж-хартија | **ВУ-I/31** црта со молив, восочен пастел, сув пастел, креди, фломастери...;<br>**ВУ-I/32** слика со примена на основните бои;<br>**ВУ-I/33** моделира едноставна и сложена форма со различна текстура (од тесто, пластелин, глина...);<br>**ВУ-I/34** печати со природни материјали (зеленчук, овошје, лист);<br>**ВУ-I/35** релизира рапава и мазна текстура со боја, со отпечатоци од природни материјали;<br>**ВУ-I/36** создава целина од неколку поголеми елементи со примена на техниката колаж. |
| **ВУ-I/S** да се запознае со можностите на ИКТ во визуелното уметничко изразување | - Достапни воспитно-образовни софтвери за цртање и за дизајнирање | **ВУ-I/ S1** согледува можност за користење ИКТ во уметничкото изразување;<br>**ВУ-I/S2** реализира едноставна ликовна творба со компјутерска програма (во зависност од контекстот) со помош на наставникот. |
| **ВУ-I/И** да се поттикне на креативно, слободно уметничко творештво како начин за самоизразување | - Творам слободно<br>- Ги искажувам сопствените чувства | **ВУ-I/И1** покажува мотивираност (внесеност и уживање) во процесот на творење, без страв од неуспех;<br>**ВУ-I/И2** реагира уметнички на соодветните поттикнувања однадвор;<br>**ВУ-I/И3** способен да ги изрази во уметничка творба личните квалитети, чувства, мисли со поттик на наставникот;<br>**ВУ-I/И4** способен да ги преточи во ликовен израз содржините од секојдневниот живот и од опкружувањето со поттик на наставникот. |

| ПРОГРАМСКА ОБЛАСТ: МУЗИКА И СЦЕНСКИ ИГРИ (МСИ) | | |
|---|---|---|
| **Поединечна цел** | **Предлог активности и стратегии/техники на учење и поучување** | **Резултати од учењето** |
| **Ученикот/ученичката:** | | |
| **МСИ-I/А** да слуша и да разликува шум и звук | Музичка игра:<br>- Истражуваме - правиме звуци<br>- Слушаме различни звуци (пријатни, непријатни звуци и шумови од околината)<br>- Имитираме звуци<br>**„Карневал на животните“** К .С. Санс<br>(воочување на пријатни и непријатни звуци) | **МСИ-I/А1** препознава различни звуци од природата и од околината;<br>**МСИ-I/А2** разликува различни звуци од природата и од околината;<br>**МСИ-I/А3** имитира различни звуци и шумови од природата и од околината;<br>**МСИ-I/А4** прави разлика меѓу пријатни и непријатни звуци. |
| **МСИ-I/Б** да развие интерес и љубов за слушање музика | - Од музика во слика (визуелно изразување на слушаното дело<br>**-** Изразувам чувства - пантомима<br>**-** Драматизација на слушаната музика (секој наставник може да направи свој избор на композиција за драматизација) | **МСИ-I/ Б1** активно слуша куси музички творби**;**<br>**МСИ-I/ Б2** дава куси одговори на прашања од содржината на песната;<br>**МСИ-I/ Б3** илустрира настан од песна преку цртеж;<br>**МСИ-I/Б4** изразува чувства што му ги предизвикува слушаната музика. |
| **МСИ- I/В** да се оспособи да користи правилен пејачки став | - Вежбаме правилен пејачки став преку пеење детски песни | **МСИ- I/В1** зазема правилен пејачки став со инструкции на наставникот;<br>**МСИ-I/ В2** користи техники за правилно дишење при пеење. |
| **МСИ-I/ Г** да се запознае со различни видови ритмички детски музички инструменти: тропалки, стапчиња и триангл | - Игри со ритмички детски музички инструменти:<br>тропалки, стапчиња и триангл | **МСИ-I/Г1** знае ритмички детски музички инструменти: тропалки, стапчиња и триангл;<br>**МСИ-I/Г2** разликува ритмички детски музички инструменти; |

| | | |
|---|---|---|
| | | **МСИ-I/Г3** создава звуци со користење тропалки, стапчиња и триангл; |
| **МСИ-I/Д** да се оспособи да препознава ритам, брзина и јачина во музичка творба | Музички игри:<br>**„Лет на бумбарот“ Н. Р. Корсаков**<br>(имитација на летот на бумбарот во различни брзини и јачини)<br>- Бројалки<br>- Брзозборки<br>(бројалките и брзозборките секој наставник сам може да ги избере по слободен избор) | **МСИ-I/Д1** препознава ритам во музички дела;<br>**МСИ-I/Д2** следи зададен ритам**;**<br>**МСИ-I/Д3** разликува брзина во музичка творба (бавно - брзо);<br>**МСИ-I/Д4** разликува јачина во музичка творба (силно - тивко);<br>**МСИ-I/Д5** знае да изговара бројалки со соодветни траења (еднакви – различни);<br>**МСИ-I/ Д6** знае да применува соодветна брзина во брзозборки (бавно - брзо);<br>**МСИ-I/Д7** се обидува да применува ритам со користење детски музички инструменти (ДМИ). |
| **МСИ- I/Ѓ** да се оспособи запеење песни различни по содржина и по карактер | Обработка на песни по слух:<br>- Песна за нашето училиште<br>- Прваче<br>- Семафор<br>- Празнични песни<br>- Народна песна и др.<br>- Песни од детските фестивали<br>(песните се дадени како модел, секој наставник сам може да избере песна по слободен избор) | **МСИ-I/ Ѓ1** пее во опсег ц1-а1 (до – ла);<br>**МСИ-I/Ѓ2** разликува песни според карактерот (весела - тажна);<br>**МСИ-/Ѓ3** изразува чувства што му ги предизвикуваат песните различни по карактер. |
| **МСИ-I/Е** да се поттикне за самостојно и за групно музичко изразување со движење | - Биди хит: Одделенско шоу за таленти (игра)<br>- Игра: Денес прашуваме и одговараме со пеење<br>- Измислува мелодија и движења за да ги отпее броевите до 20<br>- Заедничка подготовка на сцена и реквизити за изведба на кореографија на детска песна, според мотивот на песната | **МСИ-I/Е1** репродуцира елементарни сценски движења;<br>**МСИ-I/Е2** изведува заеднички координирани движења;<br>**МСИ-I/Е3** умее да ги координира сопствените движења со групата;<br>**МСИ-I/Е4** усогласува движења со ритамот на музиката. |

| | | |
|---|---|---|
| | - Изведување едноставна кореографија на позната детска песна при што децата се поделени на пејачи, играчи (со реквизити) и свирачи (со ритмички ДМИ) | |
| **МСИ-I/Ж** да развие интерес и љубов кон драмско-сценските уметности | - Следење претстави во културни установи<br>- Разговор со уметници (музичари, балетски уметници) | **МСИ-I/Ж1** покажува интерес за следење драмско-сценски уметности;<br>**МСИ-I/Ж2** ги почитува инструкциите за однесување во театар/детска претстава/опера/балет;<br>**МСИ-I/Ж3** вербално изразува впечатоци од драмско-сценски изведби со поттик на наставникот. |

| **ПРОГРАМСКА ОБЛАСТ: КРЕАТИВНИ РАБОТИЛНИЦИ (КР)** | | |
|---|---|---|
| **Поединечна цел** | **Предлог активности и стратегии/техники на учење и поучување** | **Резултати од учењето** |
| | **Ученикот/ученичката:** | |
| **КР-I/А** да се запознае со некои занаети и вештини | - Посети на занаетчиски работилници<br>- Разговараме за занаетите<br>- Игра: Што ми е потребно? (занаетчиски материјали и алатки) | **КР-I/А1** може да наведе неколку занаети со помош на наставникот;<br>**КР-I/А2** знае која е работата на некои занаетчии (со што се занимаваат, што изработуваат, каде се изработува.. со помош на наставникот.);<br>**КР-I/А3** може да наведе некои материјали за изработка: дрво, хартија, текстил и др. |
| **КР-I/Б** да се изразува креативно преку креирање едноставни рачни изработки од предмети од опкружувањето | - Изработуваме беџови, налепници од тафет-папир...<br>- Украсуваме стара облека<br>- Од старо правиме ново | **КР-I/Б1** креира изработки со предмети од опкружувањето со помош на наставникот; |

| | | |
|---|---|---|
| | | **КР-I/Б2** смислува начини за повторна употреба на веќе употребените предмети (рециклира) со посредство на наставникот. |
| **КР-I/В** да развива интерес и вештини за декорирање и дизајнирање | - Го украсуваме просторот<br>- Модна ревија<br>- Воспитно-образовни софтвери (преку повторување шара – ритам)<br>- Добива декорација<br>- Користење печат за декорирање (преку повторување шара – ритам – добива декорација)<br>- Декорирање со колаж и сл. | **КР-I/В1** применува инструкции на наставникот за правилна употреба на приборот и на материјалите за декорирање и дизајнирање;<br>**КР-I/В2** ги декорира/дизајнира постојните предмети (брош, беџ од лист, хартија и др. со помош на наставникот);<br>**КР-I/В3** учествува во декорирањето на училницата со помош на наставникот;<br>**КР-I/В4** користи воспитно-образовни софтвери за декорирање и дизајн (на пр., црта во Paint, го печати и го лепи на соодветен материјал/предмет). |
| **КР-I/Г** да воочи декоративни елементи од секојдневното опкружување (украси, шари, везови...) | - Препознавање декорации во предметите | **КР-I/Г1** препознава и идентификува декоративни елементи (украси, шари, везови...). |
| **КР-I/Ѓ** да изработи ритмички детски музички инструменти од природни материјали и од предмети од непосредната околина: тропалки, стапчиња и триангл | - Наши инструменти – вешти раце<br>- Изработка на ритмички детски музички инструменти од природни материјали и од предмети од непосредната околина | **КР-I/ Ѓ1** изработува ритмички детски музички инструменти со помош на наставникот. |
| **КР-I/Е** да свири на изработените ритмички детски музички инструменти од природни материјали | - Музички игри со изработените детски ритмички инстументи<br>- Следи го ритамот | **КР-I/ Е1** свири во група со изработените ритмички детски музички инструменти со примена на еднакви и различни траења. |
| **КР-I/Ж** да се оспособи да танцува на слушаната музика | - Слуша - танцува<br>„Танц на снегулки“ композитор Клод Дебиси<br>- Роденденска забава | **КР-I/Ж1** танцува во соодветен ритам на слушаната музика. |
| **КР-I/З** да се оспособи да игра народно оро | - Народно оро: „Право оро“ (оро со едноставни чекори) | **КР-I/З1** следи инструкции за играње оро;<br>**КР-I/З2** увежбува и изведува чекори на право оро;<br>**КР-I/ З3** игра право оро. |

| | | |
|---|---|---|
| | (народното оро е дадено како модел, секој наставник сам може да избере народно оро и музичка игра по слободен избор, според возраста на децата) | |
| **КР-I/S** да ги изрази чувствата преку боја | - Пролетно цвеќе<br>- Новогодишна бајка<br>- Одиме на одмор | **КР-I/S1** користи бои за изразување на своите чувства предизвикани од различни уметнички дела. |
| **КР I/И** да се оспособи музички да се изразува по даден повод | - Музичка игра:<br>„Музичко столче“<br>- Роденден, годишни времиња, Нова година<br>- Музички забавник | **КР-I/И1** пее, свири, танцува за даден повод. |
| **КР-I/Ј** да се оспособи ликовно да се изразува по даден повод | - Креирање честитка, подарок, украсување... | **КР-I/Ј1** црта, бои, моделира, печати по даден повод. |

# ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ

| Програмска тема | Годишен фонд на часови:<br>*(ориентациски за секое програмско подрачје)* |
|---|---|
| **ПРИРОДНИ ФОРМИ НА ДВИЖЕЊА (ПФД)** | **24 часа** |
| **АТЛЕТСКА АЗБУКА (АА)** | **16 часа** |
| **ГИМНАСТИЧКА АЗБУКА (ГА)** | **16 часа** |
| **РИТАМ И ТАНЦИ (РТ)** | **16 часа** |
| **ИГРИ (И)** | **24 часа** |
| **ДВИЖЕЧКИ СОДРЖИНИ ОД АЛТЕРНАТИВНАТА ОКОЛИНА (ДСАО)** | **12 часа** |

## ОПШТИ ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ПО ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- Да се запознае со изведбата на основните движечки вештини (природни движечки форми - локомоторни, манипулативни и нелокомоторни).
- Да се запознае со изведбата на елементарните облици на движечки вештини од различни категории.
- Да се запознае со концептите на изучените движечки вештини.
- Да се оспособи за социјални однесувања преку учество во физичка активност.
- Да развие персонални вештини преку учество во физичка активност.
- Да се запознае со важноста на телесниот развој.
- Да развие моторички способности важни за кардио-респираторната издржливост, мускулната сила, флексибилноста, брзината, мускулната издржливост и др.).

- Да го разбере значењето на принципите и концептите за здравиот активен начин на живеење преку практикување на физичките активности.
- Да развие здрави навики.

| ПРОГРАМСКА ТЕМА: ПРИРОДНИ ФОРМИ НА ДВИЖЕЊА (ПФД) | | |
|---|---|---|
| **Поединечна цел** | **Предлог активности и стратегии/техники на учење и поучување** | **Резултати од учењето** |
| **Ученикот/ученичката:** | | |
| **ПФД – I/А** да се оспособи да ги изведува основните форми на постројување и престројување во просторот | ▪ Поставување во колона, редица, круг<br>▪ Постројување во редица, колона и кружна формација (демонстрација)<br>▪ Движење во колона праволиниски и кружно<br>▪ Поставување во колона, редица, круг преку примена на различни подвижни игри (балон, птици на гранка, возови...)<br>▪ Движење во колона (воз..)<br>▪ Вежби за обликување на целото тело и делови од телото преку имитирање (тик-так, собирање | **ПФД – I/А1** се поставува во редица;<br>**ПФД – I/А2** се поставува во колона;<br>**ПФД – I/А3** се движи во колона;<br>**ПФД – I/А4** се поставува во круг;<br>**ПФД – I/А5** се врти налево и надесно на даден знак. |
| **ПФД – I/Б** да ги изведува основните вежби за обликување | | **ПФД –I/Б1**[2] изведува предрачување, задрачување, узрачување, одрачување и прирачување преку имитирање; |

[2] Предрачување: подигнување на раката/рацете напред хоризонтално испружена/и до висина на рамената.

Задрачување: подигнување на раката/рацете косо испружена/и кон назад.

Одрачување: подигнување на раката/рацете во страна хоризонтално испружена/и до висина на рамената.

Прирачување: приближување на раката/рацете испружена/и до телото.

Узручување: подигнување на раката/рацете испружена/и вертикално над глава.

Претклон: свиткување на трупот кон напред.

Отклон: свиткување на трупот во страна.

Затклон: испружување на трупот кон назад.

Заскок: завртување на трупот во страна.

| | | |
|---|---|---|
| | јаболка, ластовица, авион, поглед кон сонце, правење фигури; ден-ноќ...)<br>▪ Природни форми на движења: различни видови одење, трчање, фрлање, потскоци, скокови, качување, тркалање, висење, лазење, влечење, потиснување, носење и провлекување во различни средини, користејќи различни справи, предмети и реквизити<br>▪ Различни форми на одење и трчање со правилно држење на телото (со различна брзина, промена на правецот, насоката, темпото и ритамот)<br>▪ Фрлање, фаќање, додавање различни предмети и реквизити во различни правци<br>▪ Потскоци и скокови во место и движење: напред, назад, странично, двоножно и едноножно, прескокнување предмети и реквизити наредени на подлогата (палици, јажиња, нацртани линии и др.), галоп напред и во страна, детски потскоци, прескокнување јаже, игра со ластик<br>▪ Качување по скали, рипстол, на коса површина и ниски справи (шведски сандак, клупа и др.)<br>▪ Тркалања во празлични правци на различни подлоги | **ПФД – I/Б2** изведува претклон, отклон, заклон и засук преку имитирање;<br><br>**ПФД – I/Б3** изведува предножување, заножување, одножување и приножување преку имитирање. |
| **ПФД – I/В** да се оспособи да ги изведува основните  природни форми на движења во различни средини и положби | | **ПФД – I/В1** оди со различна брзина и со промена на правецот;<br><br>**ПФД – I/В2** оди со контролирано движење на деловите од телото и на целото тело;<br><br>**ПФД – I/В3** трча со различна брзина и со промена на правецот;<br><br>**ПФД – I/В4** трча со контролирано движење на деловите од телото и на целото тело;<br><br>**ПФД – I/В5** фрла, фаќа и додава различни предмети и реквизити во различни правци;<br><br>**ПФД – I/В6** потскокнува и скока во место и во движење (напред, назад, странично, двоножно и едноножно);<br><br>**ПФД – I/В7** се качува по скали, рипстол, на коса површина и ниски справи;<br><br>**ПФД–I/В8** се тркала во различни правци на различни подлоги; |

Предножување: подигнување на ногата испружена кон напред.

Заножување: подигнување на ногата испружена кон назад.

Одножување: подигнување на ногата испружена во страна.

Приножување: приближување на ногата испружена до потпорната нога.

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ Кревање и носење предмети со различна големина, тежина и форма, самостојно, во парови и групно<br>▪ Влечење и потиснување во различни форми и положби<br>▪ Висење на рипстол и на ниско вратило<br>▪ Провлекување низ различни справи и реквизити<br>▪ Лазење на различни начини, површини и правци<br>▪ Изведување вежби за оформување на телото во различни положби, самостојно, во парови, со и без справи и реквизити<br>▪ Моторички игри со различни видови одење, трчање, фрлање, фаќање, скокови, потскоци, качување, тркалање, висење, лазење, влечење, потиснување, носење и провлекување во различни средини, користејќи различни справи и реквизити | **ПФД–I/В9** крева и носи предмети со различна големина, тежина и форма;<br>**ПФД–I/В10** влече и турка предмети и реквизити во различни положби;<br>**ПФД–I/В11** виси контролирано на разбој, рипстол, ниско вратило и карики;<br>**ПФД–I/В12** се провлекува низ различни справи и реквизити (обрачи, сегменти од шведски сандак);<br>**ПФД–I/В13** лази на различни начини, на различни површини и во различни правци;<br>**ПФД–I/В14** препознава справи, предмети и реквизити кои се користат кај основните природни форми на движења. |
| **ПФД – I/Г** да ги развие основните моторички способности при изведувањето на природните форми на движење | | **ПФД–I/Г1** покажува промена во брзината на движење[3];<br>**ПФД–I/Г2** манифестира промена во издржливоста[2] при движење;<br>**ПФД–I/Г3** покажува промена во координацијата[2] на целото тело при движење;<br>**ПФД–I/Г4** одржува рамнотежа[2] во различни положби и движења;<br>**ПФД–I/Г5** покажува промена во силата[2] на одделни делови на телото и на целото тело;<br>**ПФД–I/Г6** покажува промена во флексибилноста[2] на одделни делови на телото. |

[3] Стандардизирана батерија на тестови за проценка на моторички способности и мерки за проценка на антропометриските карактеристики (EUROFIT, SLOFIT, FITNESSGRAM)

| | | |
|---|---|---|
| **ПФД – I/Д** да развие позитивни психолошки особини при изведувањето на природните форми на движење | | **ПФД–I/Д1** изразува позитивни емоции низ игра;<br>**ПФД–I/Д2** покажува самодоверба при изведувањето на природните форми на движење;<br>**ПФД–I/Д3** упорен и истраен е при изведувањето на природните форми на движење (игри). |
| **ПФД – I/Ѓ** да се оспособи за соодветно социјално однесување при изведувањето на природните форми на движење | | **ПФД–I/Ѓ1** другарски се однесува и соработува во групата за време на физичките активности;<br>**ПФД–I/Ѓ2** ги почитува правилата и ферплеј-играта. |
| **ПФД – I/Е** да развие здрави навики и навики за безбедно движење во просторот при изведувањето на природните форми на движење | | **ПФД–I/Е1** осознава што е здрава храна;<br>**ПФД–I/Е2** вежба редовно;<br>**ПФД–I/Е3** настојува правилно да го држи телото;<br>**ПФД–I/Е4** ги почитува правилата за безбедно однесување при физичка активност;<br>**ПФД–I/Е5** ја чува околината во која се движи и вежба. |

<table>
<tr><th colspan="3">ПРОГРАМСКА ТЕМА: АТЛЕТСКА АЗБУКА (АА)</th></tr>
<tr><th>Поединечна цел</th><th>Предлог активности и<br>стратегии/техники на учење и поучување</th><th>Резултати од учењето</th></tr>
<tr><th colspan="3">Ученикот/ученичката:</th></tr>
<tr><td>АА–I/А да ги запознае основните движечки форми од атлетската азбука</td><td rowspan="3">▪ Координирано одење и трчање<br>▪ Координирано одење и трчање со промена на правец и ритам<br>▪ Одење и трчање со пренесување товар<br>▪ Одење и трчање во ограничен простор и во различни правци<br>▪ Трчање до одредена цел<br>▪ Одење и трчање со извршување различни задачи<br>▪ Игри за брзо реагирање<br>▪ Скокање на различни начини од место и со залет со едноножен и со двоножен отскок и двоножен доскок<br>▪ Скокање преку различни препреки<br>▪ Прескокнување определени далечини од место и со залет со едноножен и двоножен отскок и двоножен доскок<br>▪ Фрлање различни предмети на различни начини<br>▪ Фрлање различни предмети (топчиња со различна форма, големина и обем, фризби, обрач...) во различни цели (мета, гол, кош, обележана површина, корпа, кутија...) и во далечина<br>▪ Штафетни и елементарни игри со одење, трчање, скокање и фрлање</td><td>АА –I/А1 ги именува основните движечки форми од атлетската азбука.</td></tr>
<tr><td>АА–I/Б да се оспособи да ги изведува основните движечки форми од атлетската азбука</td><td>АА–I/Б1 чекори координирано со промена на правецот, ритамот и брзината;<br>АА–I/Б2 трча координирано со промена на правецот, ритамот и брзината;<br>АА–I/Б3 скока со двоножен отскок од место и со залет;<br>АА–I/Б4 скока со едноножен отскок од место и со залет;<br>АА–I/Б5 фрла предмети (со различна форма, тежина и обем на различни начини во различни цели) со една и со две раце.</td></tr>
<tr><td>АА –I/В да развие моторички способности при изведувањето на движечките форми од атлетската азбука</td><td>АА–I/В2 покажува промена во издржливоста[4] при движење;<br>АА–I/В3 покажува промена во координацијата[4] на целото тело при движење;<br>АА–I/В4 одржува рамнотежа[4] во различни положби и движења;<br>АА–I/В5 покажува промена во силата на одделни делови на телото и на целото тело;<br>АА–I/В6 покажува промена во флексибилноста[4] на одделни делови на телото.</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| **АА –I/Г** да развива психолошки особини при изведувањето на движечките форми од атлетската азбука | | **АА–I/Г1** упорен и истраен е при изведувањето на основните движења од атлетската азбука;<br>**АА–I/Г2** покажува самодоверба при изведувањето на основните движења од атлетската азбука;<br>**АА–I/Г3** дисциплиниран е при изведувањето на основните движења од атлетската азбука. |
| **АА –I/Д** да се оспособи за соодветно социјално однесување при изведувањето на движечките форми од атлетската азбука | | **АА–I/Д1** ги почитува правилата на однесување при примената на основните движечки форми од атлетската азбука. |
| **АА –I/Ѓ** да разиве здрави навики и навики за безбедно движење во просторот при изведувањето на движечките форми од атлетската азбука | | **АА–I/Ѓ1** знае што се здрави навики;<br>**АА–I/Ѓ2** има навики за лична хигиена;<br>**АА–I/Ѓ3** почнува да се грижи за хигиената на спортската опрема. |

<table>
<tr><th colspan="3">ПРОГРАМСКА ТЕМА: ГИМНАСТИЧКА АЗБУКА[4] (ГА)</th></tr>
<tr><th>Поединечна цел</th><th>Предлог активности и<br>стратегии/техники на учење и поучување</th><th>Резултати од учењето</th></tr>
<tr><th colspan="3">Ученикот/ученичката:</th></tr>
<tr><td>ГА –I/А да ги запознае основните движечки форми од гимнастичката азбука</td><td rowspan="2">▪ Правилно држење на телото и гимнастичко одење<br>▪ Вежби за обликување на телото без и со справи (палки, ленти, јажиња, обрачи, чуњеви, топчиња и сл.) со и без придружба на музика<br>▪ Гимнастички игри со имитирање животни, појави и предмети (потскокнувања како зајак, возење количка, четвороножно одење во потпор преден и потпор заден во сите насоки)<br>▪ Ползење,провлекување,прескокнување,качување, симнување на подлога и справи<br>▪ Вежби на партер: тркалање напред - назад и во страна, клацкање во згрчена седечка положба до потпирање на грб и до клечечка положба на стапала, колут напред на коса површина и колут напред на рамна површина<br>▪ Висови (прости и мешани) на ниска притка на вратило и на двовисински разбој, движење во страна, напред - назад, вртења и качувања од пониски во повисоки положби (вис со</td><td>ГА-I/А1 ги именува основните движечки форми од гимнастичката азбука.</td></tr>
<tr><td>ГА –I/Б да се оспособи да ги изведува основните движечки форми од гимнастичката азбука</td><td>ГА-I/Б1 гимнастички оди со правилно држење на телото на рамна површина;<br>ГА-I/Б2 изведува вежби за обликување на телото со и без справи со и без придружба на музика;<br>ГА-I/Б3 имитира движења на животни и појави;<br>ГА-I/Б4 правилно се тркала;<br>ГА-I/Б5 се лула седејќи;<br>ГА-I/Б6 започнува да изведува колут напред;<br>ГА-I/Б7 виси на различни справи;<br>ГА-I/Б8 оди по обележана линија;<br>ГА-I/Б9 наскокнува на низок шведски сандак;<br>ГА-I/Б10 препознава гимнастички справи и реквизити.</td></tr>
</table>

[4] Поими од гимнастичката азбука:

Висови: положби при кои ученикот се наоѓа под точката на контакт со справата.

Потпори: положби при кои ученикот се наоѓа над точката на контакт со справата, а во зависност од тоа дали контактот со справата е со рацете се нарекуваат прости потпори или контактот е со рацете и со друг дел од телото (нозете) мешани потпори.

| | | |
|---|---|---|
| **ГА –I/В** да развие моторички способности при изведувањето на движечките форми од гимнастичката азбука | потколеница), нишање во вис на рипстол лево и десно<br>▪ Потпори и упори (мешан, преден и заден), движење напред, назад, во страна, вртење во потпор згрчено, склонето, исправено, во упор преден прескокнување препреки во страна и напред<br>▪ Вежби за рамнотежа: одење по линија, напред, странично и назад.<br>▪ Одење на шведска клупа или ниска греда (напред, странично, назад)<br>▪ Скокови во место и движење на преден дел на стапало, едноножно и суножно, комбинирано<br>▪ Наскок на душек или шведски сандак со едноножен и суножен отскок и суножен доскок<br>▪ Полигони со совладување на справи | **ГА–I/В1** покажува промена во брзината[5] на движење;<br>**ГА–I/В2** покажува промена во издржливоста[6] при движење;<br>**ГА–I/В3** покажува промена во координацијата[6] на целото тело при движење;<br>**ГА–I/В4** одржува рамнотежа[6] во различни положби и движења;<br>**ГА–I/В5** покажува промена во силата[6] на одделни делови на телото и на целото тело;<br>**ГА–I/В6** покажува промена во флексибилноста[6] на одделни делови на телото. |
| **ГА –I/Г** да развие психолошки особини при изведувањето на движечките форми од гимнастичката азбука | | **ГА–I/Г1** упорен и истраен е при изведувањето на основните движења на гимнастичките вежби;<br>**ГА–I/Г2** покажува самодоверба при изведувањето на основните движења од гимнастичката азбука;<br>**ГА–I/Г3** дисциплиниран е при изведувањето на основните движења од гимнастичката азбука. |
| **ГА –I/Д** да се оспособи за соодветно социјално однесување при изведувањето на движечките форми од гимнастичката азбука | | **ГА-I/Д1** почитува правила на однесување при изведбата на основните движечки форми од гимнастичката азбука. |
| **ГА –I/Ѓ** да развива здрави навики и навики за безбедно движење во просторот при изведувањето на движечките форми од гимнастичката азбука | | **ГА-I/Ѓ1** има навики за лична хигиена;<br>**ГА-I/Ѓ2** правилно се грижи за хигиената на спортската опрема;<br>**ГА-I/Ѓ3** правовремено реагира при движење во различни ситуации;<br>**ГА-I/Ѓ4** безбедно се движи во просторот. |

[5] Стандардизирана батерија на тестови за проценка на моторичките способности и мерки за проценка на антропометриските карактеристики (EUROFIT, SLOFIT, FITNESSGRAM)

| ПРОГРАМСКА ТЕМА: РИТАМ И ТАНЦИ[6] (РТ) | | |
|---|---|---|
| **Поединечна цел** | **Предлог активности и стратегии/техники на учење и поучување** | **Резултати од учењето** |
| **Ученикот/ученичката:** | | |
| **РТ–I/А** да се запознае со едноставните движења од танци и народни ора изведени во ритам | ▪ Запознавање со ритмичноста<br>▪ Ритмичко одење и трчање со промена на ритамот и на темпото (проследено со тактирање преку плескање со дланките) со музичка придружба<br>▪ Ритмичко одење и трчање со промена на правецот<br>▪ Слободно движечко изразување на музика<br>▪ Имитирање животни, појави и предмети со музичка и со ритмичка придружба<br>▪ Движења во место и во просторот (нишања, бранувања, кружења, паѓања)<br>▪ Движења со одделни делови на телото и со целото тело<br>▪ Состав од едноставна композиција со музичка придружба<br>▪ Изведување едноставни танци – детска полка преку усогласување на сопствените движења со движењата на партнерот<br>▪ Изведување едноставни ора по избор  од родниот крај со музичка придружба<br>▪ Активности насочени кон развивање на  ритмичкото и естетското изразување, смислата за колегијалност, одговорност и позитивен соработнички однос | **РТ–I/А1** ги именува едноставните движења од танци и народни ора изведени во ритам. |
| **РТ–I/Б** да се сопособи да ги изведува едноставните движења од танци и народни ора изведени во ритам | | **РТ–I/Б1** изведува моторички движења во ритам без музика;<br>**РТ–I/Б2** изведува моторички движења во ритам со музика;<br>**РТ– /Б3** изведува едноставни детски танци;<br>**РТ– /Б4** изведува едноставни танцови игри;<br>**РТ–I/Б5** изведува едноставни народни ора. |
| **РТ-I/В** да развие моторички способности при изведувањето на едноставните движења од танци и народни ора | | **РТ–I/В1** изведува едноставни танци, игри и ора со соодветна брзина;<br>**РТ–I/В2** покажува промена во издржливоста при танцување и играње;<br>**РТ–I/В3** координирано ги изведува движењата при едноставните танци, игри и ора;<br>**РТ–I/В4** одржува рамнотежа при изведувањата на движењата; |

[6] Танц: ритмичко движење на телото во ритамот на музиката.

Темпо: различна брзина со која се изведува музиката.

Ритам: низа на тонови и паузи со различни траења.

| | | |
|---|---|---|
| | | **РТ–I/В5** покажува промена во флексибилноста на одделни делови на телото при танцување и играње. |
| **РТ–I/Г** да развие психолошки особини при изведувањето на едноставните движења од танци и народни ора | | **РТ–I/Г1** изразува позитивни емоции низ танцови игри;<br>**РТ– I/Г2** упорен и истраен е при изведувањето на детските танци, танцовите игри и народните ора;<br>**РТ–I/Г3** покажува самодоверба при изведувањето на ритмичките движења;<br>**РТ–I/Г4** препознава естетско движење. |
| **РТ–I/Д** да се оспособи за соодветно социјално однесување при изведувањето на едноставните движења од танци и народни ора | | **РТ–I/Д1** ги почитува правилата на однесување при изведбата на едноставните танци, игри и ора;<br>**РТ–I/Д2** другарски се однесува и соработува во групата при изведбата на едноставните танци, игри и ора;<br>**РТ–I/Д3** изразува позитивни емоции при изведувањето на едноставните танци, игри и ора. |
| **РТ –I/Ѓ** да развие здрави навики при изведувањето на едноставните движења од танци и народни ора | | **РТ–I/Ѓ1** вежба редовно;<br>**РТ–I/Ѓ2** правилно го држи телото;<br>**РТ–I/Ѓ3** поседува навики за лична хигиена. |

## ПРОГРАМСКА ТЕМА: ИГРИ (И)

| Поединечна цел | Предлог активности и стратегии/техники на учење и поучување | Резултати од учењето |
| --- | --- | --- |
| **Ученикот/ученичката:** | | |
| **И-I/А** да се оспособи да ги изведува природните движечки форми во елементарни и штафетни игри | ▪ Елементарни и штафетни игри<br>▪ Игри со балони (додавање, фаќање, одбивање)<br>▪ Игри со топки со различна големина, форма, тежина, обем, со различни делови од телото<br>▪ Тркалање на различни топки и на различни начини<br>▪ Водење топка право и со промена на правец<br>▪ Фрлање на разни видови топки со една и со две раце во место и во движење<br>▪ Додавање со една и со две раце во место и во движење и фаќање различни топки<br>▪ Одбивање топки со една и со две раце во место и во движење<br>▪ Едноставни штафетни и елементарни игри со топка<br>▪ Едноставни мали групни игри со топка<br>▪ Реализација на разни игри со топка со ловење, фаќање, заробување и сл.<br>▪ Тркала, води, фрла, додава, фаќа и одбива топка низ разни игри<br>▪ Префрлува топка и други предмети кон соученик преку препрека или во обележан простор | **И-I/А1** игра едноставни моторички игри со одење;<br>**И-I/А2** игра едноставни моторички игри со трчање;<br>**И-I/А3** игра едноставни моторички игри со потскоци и скокови;<br>**И-I/А4** игра едноставни моторички игри со фрлање и фаќање;<br>**И-I/А5** игра едноставни штафетни игри;<br>**И-I/А6** комбинира различни природни форми на движење во едноставни елементарни и штафетни игри. |
| **И–I/Б** да развие моторички способности при изведувањето на игрите | | **И–I/Б1** покажува промена во брзината[7] на движење;<br>**И–I/Б2** покажува промена во издржливоста[8] при движење;<br>**И–I/Б3** покажува промена во координацијата[8] на целото тело при движење;<br>**И–I/Б4** одржува рамнотежа[8] во различни положби и движења;<br>**И–I/Б5** покажува промена во силата[8] на одделни делови на телото и на целото тело;<br>**И–I/Б6** покажува промена во флексибилноста[8] на одделни делови на телото. |

[7] Стандардизирана батерија на тестови за проценка на моторичките способности и мерки за проценка на антропометриските карактеристики (EUROFIT, SLOFIT, FITNESSGRAM)

| | | |
|---|---|---|
| **И –I/В** да развие психолошки особини при изведувањето на игрите | | **И-I/В1** искажува емоции при играњето со соучениците (се воздржува, знае да се радува на победата, прифаќа пораз). |
| **И –I/Г** да се оспособи за соодветно социјално однесување при изведувањето на игрите | | **И-I/Г1** ги почитува правилата на однесување во игрите;<br>**И-I/Г2** другарски се однесува и соработува со другите во играта;<br>**И-I/Г3** искажува поддршка на својот тим (усно и во игра);<br>**И-I/Г4** изразува позитивни емоции низ игра. |
| **И –I/Д** да развие здрави навики и безбедно да се движи во просторот при изведувањето на игрите | | **И–I/Д1** вежба редовно;<br>**И–I/Д2** поседува навики за лична хигиена;<br>**И–I/Д3** правилно се грижи за хигиената на спортската опрема;<br>**И-I/Д4** правовремено реагира при движење во различни ситуации;<br>**И-I/Д5** безбедно се движи во просторот. |

## ПРОГРАМСКА ТЕМА: ДВИЖЕЧКИ СОДРЖИНИ ОД АЛТЕРНАТИВНАТА ОКОЛИНА[8] (ДСАО)

| Поединечна цел | Предлог активности и стратегии/техники на учење и поучување | Резултати од учењето |
|---|---|---|
| | **Ученикот/ученичката:** | |
| **ДСАО-I/А** да се запознае со природните движечки форми во различни средини | ▪ Пливање: активности на вода со задачи дадени во вид на игра, вежби за прилагодување на отпорот на водата, потопување на главата во вода, гледање под вода, издишување под вода, одржување на вода, скок на нозе во вода, поврзување на вежбите за прилагодување во вода низ различни елементарни игри во плитка вода<br>▪ Зимски активности: игри на снег, санкање, лизгање на лед, скијање (вежби за навикнување на скии, качување на скии, вртење со скии на рамна површина во место, спуштање право, спуштање со заплужување, елементарни ликови)<br>▪ Возење: тротинет, велосипед (со две или три тркала) и ролери<br>▪ Пешачење, ориентациони движења и качувања по вештачка карпа | **ДСАО-I/А1** изведува активности во водна средина;<br>**ДСАО- I/А2** одржува рамнотежа при зимски активности (со лизгалки, санка, скии, во различни услови);<br>**ДСАО- I/А3** започнува да управува со тротинет;<br>**ДСАО- I/А4** започнува да управува со велосипед;<br>**ДСАО- I/А5** започнува да управува со ролери;<br>**ДСАО- I/А6** пешачи во природа;<br>**ДСАО- I/А7** започнува ориентационо да се движи со асистенција;<br>**ДСАО- I/А8** започнува да се качува по вештачка карпа со асистенција. |
| **ДСАО-I/Б** да развие моторички способности при изведувањето на движечките содржини од алтернативната околина | | **ДСАО-I/Б1** покажува промена во брзината на движење; [9]<br>**ДСАО-I/Б2** покажува промена во издржливоста[10] при движење;<br>**ДСАО-I/Б3** покажува промена во координацијата[10] на целото тело при движење;<br>**ДСАО-I/Б4** одржува рамнотежа[10] во различни положби и движења; |

[8] Активностите и резултатите ќе се остварат во зависност од условите кои ги поседува училиштето и од околината каде што се наоѓа училиштето (инфраструктурни, природни)

[9] Стандардизирана батерија на тестови за проценка на моторичките способности и мерки за проценка на антропометриските карактеристики (EUROFIT, SLOFIT, FITNESSGRAM)

| | | |
|---|---|---|
| | | **ДСАО-I/Б5** покажува промена во силата[10] на одделни делови на телото и на целото тело;<br>**ДСАО-I/Б6** покажува промена во флексибилноста[10] на одделни делови на телото. |
| **ДСАО-I/В** да развие психолошки особини при изведувањето на движечките содржини од алтернативната околина | | **ДСАО-I/В1** искажува позитивни емоции при учеството во активности во водна средина;<br>**ДСАО-I/В2** искажува позитивни емоции при учеството во зимски активности;<br>**ДСАО-I/В3** искажува позитивни емоции при управување со ролери, тротинет и велосипед;<br>**ДСАО-I/В4** искажува позитивни емоции при пешачење во природа;<br>**ДСАО-I/В5** искажува позитивни емоции при ориентациони движења;<br>**ДСАО-I/В6** искажува позитивни емоции при качување на вештачка карпа;<br>**ДСАО-I/В7** ги почитува правилата на однесување при движења во различни средини;<br>**ДСАО-I/В8** другарски се однесува и соработува со другите. |
| **ДСАО-I/Г** да се оспособи за соодветно социјално однесување при изведувањето на движечките содржини од алтернативната околина | | **ДСАО-I/Г1** ги почитува правилата на однесување во соодветна ситуација;<br>**ДСАО-I/Г2** дава придонес во реализирањето на задачите. |
| **ДСАО-I/Д** да разивие здрави навики и безбедно да се движи во просторот при изведувањето на движечките содржини од алтернативната околина | | **ДСАО-I/Д1** се грижи за средината околу себе;<br>**ДСАО-I/Д2** правилно се грижи за хигиената на спортската опрема;<br>**ДСАО-I/Д3** правовремено  реагира при движење во различни ситуации;<br>**ДСАО-I/Г4** безбедно се движи во средината. |